„Делете го наследството според пропишаните удели на неговите сопственици, а она што ќе остане – нека му припадне на најблискиот машки роднина.“

Ибн Абас, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Делете го наследството според пропишаните удели на неговите сопственици, а она што ќе остане – нека му припадне на најблискиот машки роднина.“

[متفق عليه] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, им наредува на оние што го делат наследството да го распределат на праведен и шеријатски начин, согласно со она што Аллах го пропишал. Сопствениците на одредени удели (ехлул-фараид) треба да ги добијат своите делови утврдени во Куранот: две третини, една третина, една шестина, половина, една четвртина и една осмина – зависно од случајот. А она што ќе остане по поделбата на овие удели, им се доделува на најблиските машки роднини на покојникот, кои во шеријатската терминологија се нарекуваат „асабе.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5887